- Следете ги посебните инструкции за монтирање на апаратот и обрнување на вратата што се достапни на нашата интернет-страница.
- Секогаш внимавјте кога го пренесувате апаратот затоа што е тежок. Секогаш носете заштитни ракавици и приложените обувки.
- Проверете дали воздухот може да кружи околу апаратот.
- По првата инсталација или откако сте ја замениле вратата почекајте најмалку 4 часа пред да го поврзете апаратот на струја. Ова е за да се овозможи маслото да тече назад во компресорот.
- Пред да извршите било каква работа на самиот апарат (на пр. промена на врата), извадате го кабелот од штекерот.
- Не монтирајте го апаратот во близина на радијатори или шпорети, рерни или плочи за готвење, освен ако не е поинаку специфицирано во упатствата за монтирање.
- Не го изложувајте апаратот на дожд.

- Не го инсталирајте апаратот таму каде што има директна сончева светлина.
- Не го монтирајте овој апарат во многу влажни и студени места.
- Кога го преместувате апаратот, подигнете го предниот раб за да не го изгребете подот.
- Заштитете го подот од гребење кога ја обрнувате вратата на апаратот.

## 2.2 Поврзување на струја

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Ризик од пожар и струен удар.

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Кога го поставуваме апаратот, проверете дали гајтанот за струја е заплеткан или оштетен.

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Не користете адаптери со повеќе приклучници и продолжителни кабли.

- Проверете дали параметрите на плочката со спецификации се компатибилни со електричната моќност на мрежата на електрична енергија.
- Апаратот мора да биде заземјен.
- Секогаш користете правилно монтиран штекер отпорен на струјни удари.
- Ако домашниот приклучок за напојување не е заземјен, поврзете го апаратот на посебно заземјување во согласност со важечките прописи, консултирајте се со квалификуван електричар.
- Потрудете се да не ги оштетите електричните делови (на пример приклучокот за струја, електричниот кабел, компресорот). Контактирајте со нашиот овластен сервисен центар или електричар за да ги смените електричните делови.
- Електричниот кабел мора да остане под нивото на приклучокот за струја.
- Поврзете го приклучокот за струја со штекерот на крајот од монтажата. Проверете дали приклучокот за струја е пристапен по монтирањето.
- Не влечете го кабелот за да го исклучите апаратот од струја. Секогаш повлекувајте го приклучокот за струја.

## 2.3 Употреба

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Ризик од повреда, изгореници, струен удар или пожар.

Апаратот содржи запаллив гас, изобутан (R600a), природен гас со високо ниво на компатибилност со околината. Внимавајте да не го оштетите водот за ладење кој содржи изобутан.

- Не менувајте ја спецификацијата на овој апарат.
- Секое користење на вградениот производ како самостоен е строго забрането.
- Овој апарат е наменет да се користи на собна температура од 10°C до 43°C. Наведениот температурен опсег гарантира правилна работа на апаратот.
- Не ставајте електрични апарати (на пример, апарати за правење сладолед) во апаратот, освен ако производителот не навел дека е применливо.
- Ако дојде до оштетување на ладилното коло, проверете дали во просторијата има пламен и извори на палење. Проветрете ја просторијата.
- Не дозволувајте жешки предмети да ги допрат пластичните делови на апаратот.
- Не ставајте безалкохолни пијалоци во преградата за замрзнување. Ова ќе создаде притисок врз садот со пијалок.
- Не чувајте запалив гас и течност во апаратот.
- Не ставајте запаливи производи или предмети кои се мокри заедно со запаливи производи во апаратот, или во негова близина.
- Не ги допирајте компресорот или кондензаторот. Тие се жешки.
- Не вадете и не допирајте ги предметите од преградата за замрзнување ако рацете ви се мокри или влажни.

- Не ја замрзнувајте повторно храната што е одмрзната.
- Следете ги упатствата за чување замрзната храна што се наоѓаат на пакувањето.
- Завиткајте ја храната во материјал кој е безбеден за чување на храна пред да ја ставите во преградата на замрзнувачот.
- Не дозволувајте храната да дојде во контакт со внатрешните ѕидови на преградите на апаратот.

## 2.4 Внатрешна светилка

> ⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**
>
> Опасност од електричен шок.

- Овој производ содржи еден или повеќе извори на светлина од класа на енергетска ефикасност G.
- Во однос на светилите во внатрешноста на овој производ и резервните светилки што се продаваат посебно: Овие светилки се предвидени да издржат екстремни физички услови во апаратите за домаќинство, како што се температура, вибрации, влажност или се предвидени за давање сигнали за работната состојба на апаратот. Тие не се предвидени да се користат за други намени и не се погодни за осветлување простории во домот.

## 2.5 Нега и чистење

> ⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**
>
> Опасност од повреда или оштетување на апаратот.

- Пред одржувањето, исклучете го апаратот и извадете го приклучокот за струја од главниот штекер.
- Овој апарат содржи јаглеводороди во системот за ладење. Само стручно лице мора да го врши одржувањето и полнењето на уредот.
- Редовно проверувајте го одводот на апаратот и доколку е потребно, чистете го. Ако одводот е блокиран, одмрзната вода се собира на дното на апаратот.

## 2.6 Сервис

- За да го поправите апаратот, контактирајте со овластениот сервисен центар. Користете само оригинални резервни делови.
- Треба да знаете дека само-поправката или непрофесионалната поправка може да имаат последици врз безбедноста и може да ја направи гаранцијата неважечка.
- Следниве резервни делови се достапни најмалку 7 години по прекинувањето на моделот: термостати, температурни сензори, печатени плочки, светлосни извори, рачки за врати, шарки за врати, тави и кошници. Дихтунзите за вратите се достапни најмалку 10 години откако моделот ќе прекине да се произведува. Времетраењето може да биде подолго во вашата земја. За повеќе информации, посетете ја нашата веб-страница.
- Треба да знаете дека некои од овие резервни делови се достапни само кај професионални сервисери, и дека не сите резервни делови се релевантни за сите модели.

## 2.7 Расходување

> ⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**
>
> Ризик од повреда или задушување.

- Исклучете го апаратот од приклучокот за струја.
- Отсечете го кабелот за струја и фрлете го.
- Извадете ја вратата за да спречите затворање на деца и миленичиња во апаратот.
- Водовите за ладење и изолираните материјали на овој апарат се еколошки производи.
- Изолациската пена содржи запалив гас. Контактирајте со општинската власт за да добиете информации за правилно расходување на апаратот.
- Не оштетувајте го делот за ладење којшто се наоѓа во близина на разменувачот на топлина.

# 3. КОНТРОЛНА ПЛОЧА




1. ЛЕД показно светло за температура на фрижидерот
2. ЛЕД показно светло за температура на замрзнувачот
3. FastFreeze Показна светилка
4. Показател за преграда на фрижидер
5. Показател за преграда на замрзнувач
6. Копче ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО
   Копче за избор на преграда
7. Копче FastFreeze
   Регулатор на температура

## 3.1 Исклучување/вклучување

**Вклучување**

1. Ставете го приклучокот во ѕидниот штекер.
2. Притиснете го копчето ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО ако сите LED показни светла се исклучени.

**Исклучување**

Продолжете со притискање на копчето ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО 3 сек.. Сите показатели се гаснат.

## 3.2 Регулирање на температурата

Пред да ја регулирате температурата, одберете ја преградата.

За да ја изберете преградата на фрижидерот притиснете го копчето за избор на преграда сè додека не засвети LED што одговара на долниот отвор.

Показните светла за температура LED ја покажуваат последната поставена температура. Препорачаната поставка е -18°C.

За да ја изберете преградата на фрижидерот притиснете го копчето за избор на преграда се додека не засвети LED што одговара на горниот отвор.

Показните светла за температура LED ја покажуваат последната поставена температура. Препорачаната поставка е 4°C.

За поставување температура:

1. Притиснете го копчето за регулатор на температура.

Моменталниот показател за температура трепка.

2. Кога ќе го притиснете регулаторот на температура, поставката се придвижува за една позиција. Кога ќе ја изберете температурата, LED што одговара на избраната температурна вредност трепка.

Поставената температура ќе биде достигната за 24 ч.. По снемување струја поставената температура се зачувува.

## 3.3 функција FastFreeze

Функцијата FastFreeze се користи за предзамрзнување и брзо замрзнување во низа во преградата на замрзнувачот. Оваа функција го забрзува замрзнувањето на свежа храна и ги штити прехранбените производи кои се веќе складирани од топлење.

За да замрзнете свежа храна, активирајте ја функцијата најмалку 24 ч. пред да ја ставите храната за предзамрзнување.

За да ја вклучите оваа функција, притиснете го копчето FastFreeze за 3 сек.. Светлото FastFreeze ќе се запали.

Функцијата се исклучува автоматски по 52 ч..

За да ја исклучите функцијата, притиснете го копчето FastFreeze за 3 сек.. Показателот FastFreeze ќе се изгасне.

## 3.4 Аларм за отворена врата

Ако вратата на фрижидерот се остави отворена околу 5 мин, трепка показното светло за преградата на фрижидерот и се огласува звучен сигнал.

Притиснете го кое било копче за да го исклучите звучниот сигнал.

Алармот се деактивира по затворањето на вратата.

> ℹ
> Доколку не притиснете ниту едно копче, звучниот сигнал се исклучува по 1 ч..

# 4. СЕКОЈДНЕВНА УПОТРЕБА

## 4.1 Местење на полиците на вратата

За полесно чување на храната, полиците на вратата може да се постават на различни висини. Повлечете ја полицата нагоре за да ја преместите.



## 4.2 Мобилни полици

Ѕидовите на фрижидерот се опремени со шини. Можете да ја промените положбата на полиците.



> ℹ
> Не преместувајте ја стаклената полица над фиоката за зеленчук за да се обезбеди правилно кружење на воздухот.

## 4.3 Фиоки за зеленчук

Во долниот дел на апаратот има специјални фиоки погодни за складирање овошје и зеленчук.

## 4.4 Замрзнување свежа хана

Користете ја преградата за замрзнување за да замрзнувате свежа храна и да чувате замрзната и длабоко замрзната храна долго време.

Вклучете ја функцијата FastFreeze најмалку 24 ч. пред ставањето на храната што треба да се замрзне во преградата за замрзнување.

Чувајте ја свежата храна рамномерно распоредена во првата преграда или фиока од горниот дел.

Не го надминувајте максимумот количина на храна што може да се замрзне без да се додаде друга свежа храна 24 ч. (видете ја плочката со спецификации).

Кога ќе заврши замрзнувањето, апаратот автоматски се враќа на претходната поставка за температура (видете во „функција FastFreeze“).

За повеќе информации, видете во „Совети за замрзнување“.

### 4.5 Складирање замрзната храна

Кога го активирате апаратот за прв пат или по одреден период некористење, активирајте ја функцијата FastFreeze барем 3 ч. пред да ги ставите производите во преградата за замрзнување.

За да чувате големи количини храна, извадете ги фиоките и ставете ја храната директно на полиците, барем 15 мм подалеку од вратата.

> ⚠ **ВНИМАНИЕ!**
>
> Ако немало струја подолго време од времето наведено на плочката со спецификации под „време на одржување“, одмрзнатата храна мора веднаш да се консумира.

## 5. НАПОМЕНИ И КОРИСНИ СОВЕТИ

### 5.1 Совети за заштеда на енергија

- Замрзнувач: Оригиналната конфигурација обезбедува најефикасна употреба на енергијата.
- Фрижидер: Конфигурацијата со фиоките во долниот дел на апаратот и со рамномерно распоредени полици обезбедуваат најефикасна употреба на енергијата. Позицијата на корпите на вратите не влијае на потрошувачката на енергија.
- Не отворајте ја вратата често и не оставајте ја отворена подолго отколку што е неопходно.
- Замрзнувач: Колку е постудена поставката за температура, толку е повисока потрошувачката на енергија.
- Фрижидер: Не поставувајте превисока температура освен ако тоа не го бараат карактеристиките на храната.
- Доколку собната температура е висока и регулаторот за температура е на ниска температура и апаратот е целосно наполнет, компресорот може да работи непрестано, што ќе предизвика формирање слана или мраз на испарувачот. Во овој случај, поставете го регулаторот на температурата на повисока температура за да дозволите автоматско одмрзнување.
- Не покривајте ги решетките или отворите за проветрување.

### 5.2 Совети за замрзнување

- Не замрзнувајте шишиња или лименки со течности, особено пијалаци кои содржат јаглерод диоксид. Може да експлодираат при замрзнувањето.
- Не ставајте топла храна во преградата за замрзнување.
- Не ставајте свежа незамрзната храна директно до веќе замрзната храна.
- Немојте да јадете коцки мраз, мраз или лижавчиња мраз веднаш после вадење од замрзнувачот за да избегнете смрзнатини.
- Не замрзнувајте ја повторно одмрзнатата храна.

### 5.3 Складирање замрзната храна

- Преградата за замрзнување е обележана со ✱ ✱✱✱.
- Добра поставка на температурата што обезбедува зачувување на смрзнатите прехрамбени производи е температура пониска или еднаква на -18 °C.
- Поставка за повисока температура во апаратот може да доведе до помала трајност.
- Целата преграда за замрзнување е погодна за чување замрзнати прехрамбени производи.
- Оставете доволно простор околу храната за да овозможите слободно кружење на воздухот.

## 5.4 Рок на траење за преградата за замрзнување

| Вид јадење | Рок на траење (месеци) |
|---|---|
| Леб | 3 |
| Овошје (освен агруми) | 6 - 12 |
| Зеленчук | 8 - 10 |
| Остатоци без месо | 1 - 2 |
| **Млечни производи:** | |
| Путер | 6 - 9 |
| Меко сирење (на пр. моцарела) | 3 - 4 |
| Тврдо сирење (на пр. пармезан, чедар) | 6 |
| **Морска храна:** | |
| Мрсна риба (на пр. лосос, скуша) | 2 - 3 |
| Посна риба (на пр. бакалар, риба-лист) | 4 - 6 |
| Шкампи | 12 |
| Излуштени школки и школки со оклоп | 3 - 4 |
| Готвена риба | 1 - 2 |
| **Месо:** | |
| Живина | 9 - 12 |
| Говедско месо | 6 - 12 |
| Свинско | 4 - 6 |
| Јагнешко | 6 - 9 |
| Колбас | 1 - 2 |
| Шунка | 1 - 2 |
| Остатоци со месо | 2 - 3 |

## 5.5 Совети за ладење храна

- Преградата за свежа храна е обележана (на плочката со спецификации) со .
- Добра поставка на температурата што обезбедува зачувување на свежата храна е температура пониска или еднаква на +4°C.
- Секогаш користете затворени садови за течности и за храна за да ги избегнете миризбите во преградата.
- За да избегнете вкрстена контаминација меѓу готвената и суровата храна, покријте ја готвената храна и одвојте ја од суровата.
- Завиткајте и ставете го месото на стаклената полица над фиоката за зеленчук.
- Одмрзнете ја храната внатре во фрижидерот.
- Не ставајте топла храна во апаратот.
- Исчистете го овошјето и зеленчукот и ставете ги во посебна фиока (фиока за зеленчук).
- Не чувајте јужно овошје во фрижидер.
- Зеленчук како домати, компири, кромид и лук не треба да се чува во фрижидерот.
- Затворете ги шишињата пред да ги ставите во фрижидер.

# 6. НЕГА И ЧИСТЕЊЕ

⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

Видете во поглавјата за безбедност.

## 6.1 Чистење на внатрешноста

Пред првата употреба исчистете ја внатрешноста и сите додатоци со млака вода и неутрален сапун, а потоа исушете ги.

⚠ **ВНИМАНИЕ!**

Додатоците и деловите на апаратот не смеат да се мијат во машина за садови.

## 6.2 Периодично чистење

Редовно чистете ја опремата:

- Исчистете ги внатрешноста и додатоците со млака вода и неутрален сапун. Исплакнете ги и исушете ги.
- Редовно бришете ги заптивачите на вратата.

## 6.3 Одмрзнување на фрижидерот

Мразот автоматски се отстранува од испарувачот на преградата на фрижидерот при нормална употреба. Водата од одмрзнувањето се испушта низ корито во посебен сад, каде што испарува.

Редовно чистете го дупчето за истекување на вода од одмрзнувањето во средината на каналот на преградата на фрижидерот.

Користете го чистачот за цевки испорачан со апаратот.



## 6.4 Одмрзнување на замрзнувачот

> ⚠ **ВНИМАНИЕ!**
>
> Не користете остри метални алати за гребење на мразот од испарувачот. Користете само додатоци препорачани за овој апарат од производителот за забрзување на процесот на топење.

> ⓘ
>
> Поставете пониска температура околу 12 ч. пред одмрзнувањето.

Нормално е да се формира тенок слој мраз на полиците на замрзнувачот и околу горниот оддел. Одмрзнете го замрзнувачот кога слојот мраз ќе достигне дебелина од околу 3-5 мм.

1. Исклучете го и извадете го кабелот на апаратот од штекер.
2. Извадете ја зачуваната храна.
3. Отворете ја вратата и заштитете го подот од одмрзнатата вода.
4. Ставете сад со топла вода во преградата на замрзнувачот за да го забрзате процесот на одмрзнување.
5. Исушете ја внатрешноста по одмрзнувањето.
6. Вклучете го апаратот. Затворете ја вратата.
7. Поставете ја најниската температура најмалку 3 ч. пред да ја вратите храната во преградата за замрзнување.

## 6.5 Периоди на неработење

Кога апаратот не се користи подолго време, преземете ги следниве мерки за заштита:

1. Исклучете го апаратот од напојувањето со струја.
2. Извадете ја целата храна.
3. Одмрзнете го апаратот.
4. Исчистете го апаратот и сите додатоци.
5. Оставете ги вратите отворени за да спречите непријатни миризби.

# 7. РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ

> ⚠ **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**
>
> Видете во поглавјата за безбедност.

## 7.1 Што да се направи ако…

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| Апаратот не функционира. | Апаратот е исклучен. | Вклучете го апаратот. |
| | Електричниот приклучок не е поврзан со штекерот за струја. | Правилно поврзете го приклучокот за струја со штекерот. |
| | Нема струја во штекерот. | Поврзете друг електричен апарат со штекерот. Јавете се на електричар. |
| Апаратот е бучен. | Апаратот не е соодветно потпрен. | Проверете дали апаратот стои стабилно. |
| Се вклучува звучен или визуелен аларм. | Вратата е оставена отворена. | Затворете ја вратата. |
| Компресорот континуирано работи. | Температурата е неточно поставена. | Видете во поглавјето „Контролна плоча“. |
| | Во исто време се става премногу храна. | Почекајте неколку часови и повторно проверете ја температурата. |
| | Собната температура е превисока. | Видете во поглавјето „Монтажа“. |
| | Храната ставена во апаратот е многу топла. | Оставете ја храната да се излади до собна температура пред да ја зачувате. |
| | Вратата не е добро затворена. | Видете во делот „Затворање на вратата“. |
| | Вклучена е функцијата FastFreeze. | Видете во делот „Функција FastFreeze“. |
| Компресорот не започнува да работи веднаш по притискање на копчето „FastFreeze“, или после менување на температурата. | Компресорот почнува да работи по некое време. | Ова е нормално, не настанал дефект. |
| Вратата не е нивелирана и ѝ пречи на решетката за вентилација. | Апаратот не е нивелиран. | Видете во упатството за монтирање. |
| Вратата не се отвора лесно. | Сте се обиделе да ја отворите вратата веднаш по затворањето. | Почекајте неколку секунди меѓу затворањето и повторното отворање на вратата. |
| Светлото не работи. | Светлото е во состојба на мирување. | Затворете ја и отворете ја вратата. |
| | Светилката не е исправна. | Контактирајте со овластен сервисен центар. |
| Има премногу слана и мраз. | Вратата не е добро затворена. | Видете во делот „Затворање на вратата“. |
| | Дихтунгот е деформиран или валкан. | Видете во делот „Затворање на вратата“. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| | Храната не е добро завиткана. | Завиткајте ја храната правилно. |
| | Температурата е неточно поставена. | Видете во поглавјето „Контролна плоча“. |
| | Апаратот е наполнет и е поставен на најниска температура. | Поставете повисока температура. Видете во поглавјето „Контролна плоча“. |
| | Температурата во апаратот е премногу ниска и собната температура е премногу висока. | Поставете повисока температура. Видете во поглавјето „Контролна плоча“. |
| Тече вода на задната плоча на фрижидерот. | Во текот на процесот на автоматско одмрзнување, мразот се топи на задната плоча. | Тоа е правилно. |
| Има премногу кондензирана вода во фрижидерот. | Вратата била често отворана. | Отворајте ја вратата само доколку е неопходно. |
| | Вратата не е целосно затворена. | Погрижете се дека вратата е целосно затворена. |
| | Складираната храна не е завиткана. | Завиткајте ја храната во соодветно пакување пред да ја ставите во апаратот. |
| | Нормално е во текот на летото и есента да може да се формира поголема кондензација поради зголемената влажност на воздухот и храната. Фрижидерот не произведува влага. По овој период, влажноста во фрижидерот сама се намалува. | Во лето и есен, поставете ја потоплата температура во фрижидерот (приближно 6-7°C). |
| На стаклените полици има капки вода. | Внатре во фрижидерот има премногу влага. | Избришете ги стаклените полици со крпа за да ги отстраните капките вода. |
| Тече вода внатре во фрижидерот. | Храната спречува водата да тече во садот за собирање вода. | Осигурете се дека храната не ја допира задната плоча. |
| | Одливот за вода е затнат. | Исчистете го одливот за вода. |
| Тече вода на подот. | Отворот за водата од топење не е поврзан со садот за испарување над компресорот. | Закачете го отворот за вода од топење со садот за испарување. |
| Не може да се постави температурата. | Вклучена е FastFreeze функцијата. | Исклучете ја FastFreeze функцијата рачно, или почекајте додека функцијата не се деактивира автоматски. Видете во делот „Функција FastFreeze“. |
| Температурата на апаратот е прениска/превисока. | Температурата не е точно поставена. | Поставете повисока/пониска температура. |
| | Вратата не е добро затворена. | Видете во делот „Затворање на вратата“. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| | Храната премногу е жешка. | Оставете ја храната да се олади пред да ја складирате. |
| | Во исто време се чува премногу храна. | Ставајте помалку храна истовремено. |
| | Дебелината на мразот е поголема од 4-5 мм. | Одмрзнете го апаратот. |
| | Вратата била отворена често. | Отворајте ја вратата само доколку е неопходно. |
| | Вклучена е функцијата FastFreeze. | Видете во делот „Функција FastFreeze“. |
| | Во апаратот не кружи студен воздух. | Погрижете се во апаратот да кружи студен воздух. Видете во поглавјето „Напомени и корисни совети“. |
| Светилките LED за поставка на температурата трепкаат истовремено. | Настанала грешка во мерењето на температурата. | Контактирајте со овластен сервисен центар. Системот за разладување ќе продолжи да ја лади храната, но нема да може да се постави температурата. |

Ако повторно се појави проблемот, контактирајте со Овластен сервисен центар.

## 7.2 Замена на светилката

Јавете се во овластениот сервисен центар за замена на светилката.

## 7.3 Затворање на вратата

1. Исчистете ги заптивките на вратата.
2. За да ја наместите вратата, погледнете ги упатствата за монтирање.
3. За да ги замените неисправните заптивки на вратата, контактирајте го Овластениот сервисен центар.

# 8. ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Техничките информации се наоѓаат на плочката со спецификации на внатрешната страна на апаратот и на етикетата за енергија.

На QR-кодот на енергетската етикета која е доставена со апаратот има интернет-врска која води до информациите поврзани со перформансите на апаратот во базата на податоци на ЕУ EPREL (Европска база на податоци за регистрација на производи со етикети за енергија). Чувајте ја енергетската етикета како прирачник заедно со корисничкото упатство и сите други документи испорачани со овој апарат.

Истите информации може да се најдат и во EPREL (Европска база на податоци за регистрација на производи со етикети за енергија) на врската *https://eprel.ec.europa.eu* и името на моделот и бројот на производот што ќе ги најдете на плочката со спецификации на апаратот.

Одете на врската *www.theenergylabel.eu* за детални информации за етикетата за енергија.

## 9. ИНФОРМАЦИИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

Монтажата и подготовката на апаратот за потврда EcoDesign треба да бидат усогласени со EN 62552 (EU). Потребите за проветрување, димензиите на отворот и минималните растојанија во задниот дел треба да бидат како што е наведено во овој Прирачник за корисникот во „Монтажа“. Стапете во контакт со производителот за други дополнителни информации, вклучувајќи ги и плановите за полнење.

## 10. ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА

Рециклирајте ги материјалите со симболот ♲. Ставете ја амбалажата во соодветни контејнери за да ја рециклирате. Помогнете во заштитата на животната средина и човековото здравје и рециклирајте го отпадот од електрични и електронски апарати. Не фрлајте ги апаратите означени со симболот ✗ во отпадот од домаќинството. Вратете го производот во вашиот локален капацитет за рециклирање или контактирајте ја вашата општинска канцеларија.

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..............................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

..........................................................................................................................................

electrolux.com

211630573-A-272025